Врз основа на член 10 став 1 и став 6 од Деловникот за работа на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (пречистен текст) бр.01-3732/1 од 29.07.2019 година, Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги на 20-та седница одржана на 20.05.2022 година, во врска со Предлогот бр.03-1987/2 од 18.05.2021 година за поведување прекршочна постапка против ТРД ТВ СИТЕЛ ДООЕЛ Скопје за прекршување на член 53 став 2 од ЗААВМУ, го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**

1. Советот на Агенцијата го разгледа Писмениот извештај за извршен контролен програмски надзор бр.10-1987/1 од 13.05.2022 година на ТРД ТВ СИТЕЛ ДООЕЛ Скопје и утврди прекршување на член 53 став 2 од ЗААВМУ.

2. Советот заклучи против ТРД ТВ СИТЕЛ ДООЕЛ Скопје да се покрене прекршочна постапка пред надлежниот суд бидејќи со надзорот е констатирано дека наведениот радиодифузер на 26 април 2022 година, во информативно-забавната емисија „Ја сакам Македонија“, емитувал прикриена аудиовизуелна комерцијална комуникација на садови за готвење што ги продава „Комодита хоум“, што е спротивно на член 53 став 2 од ЗААВМУ.

3. Се задолжува Секторот за правни работи и јавни набавки да го изготви Барањето за поведување прекршочна постапка пред надлежниот суд за наведениот радиодифузер.

4. Примерок од Заклучокот да се достави до:

- Раководителите на сите сектори во Агенцијата,
- Назначено лице од Агенцијата, за водење на предмети по управна постапка,
- Одделение за поддршка на работата на Советот на Агенцијата,
- Секторот за информатичка поддршка и општи работи – архива на Агенцијата.

**Бр. 02-2038/3**

**20-05 2022 година**
**С к о п ј е**

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**
**Претседател на Советот**

**Лазо ПЕТРУШЕВСКИ**